Врз основа на член 37 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ„ бр. 202/24), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 22.01. 2026 година донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за свикување на седмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе

Седмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се одржи на ден **29.01. 2026година (четврток) со почеток во 14:00 часот** во малата сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

## Д н е в е н  р е д

-Усвојување на Записник од шестата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 26. 12. 2025 година;

**Точка 1**

Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Свети Николе за 2026 година;

**Точка 2**

Предлог – Решение за именување на членови на заедничка Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Куманово;

**Точка 3**

Предлог – Решение за именување на членови на заедничка Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Пробиштип;

**Точка 4**

Предлог – Одлука за давање во закуп на недвижни ствари во сопственост на Општина Свети Николе во Дом на Културата "Крсте Мисирков"во Свети Николе;

**Точка 5**

Предлог - Одлука за усвојување на Елаборатот за измена на елаборат за проценка на штета од елементарна непогода - мраз за КО Бориловци, КО Пеширово, КО Амзабегово, КО Црнилиште, КО Мустафино, КО Немањици, КО Павлешенци;

**Точка 6**

Предлог – Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на плата на вработените во ЈКП ,,Комунлец,, Свети Николе за 2026 година;

**Точка 7**

Предлог – Годишна Програма за работа на ОУ Народен музеј Свети Николе за 2026 година;

**Точка 8**

Предлог - Измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2026 година на ОУ Народен Музеј Свети Николе;

**Точка 9**

Предлог - Измена на Годишен план за вработување за 2026 година на СОУ,,Кочо Рацин,, Свети Николе;

**Точка 10**

Предлог - Измена на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ,,Гоце Делчев,, Свети Николе;

**Точка 11**

Предлог - Програма и план за работа на ЗЈП Стационар Шепа со предлог Буџет и финанасиски план за ЗЈП Стационар Шепа за 2026 година;

**Точка 12**

Извештај за финансиско работење на ЗЈП Стационар ШЕПА Кавадарци за период од 01.01. 2025 година до 30.09. 2025 година;

**Точка 13**

Барање на финансиска помош од лицето К.А. Н.

**Бр.0801- 122**
**22.01. 2026 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Оливера Арсов с.р.**